| 424390 | Одржување на други градби | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 80.000 | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 100.000 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 280.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **1.385.000** | **0** | **100.000** | **1.240.000** | **0** | **0** | **1.340.000** |
| 425240 | Осигурување за повреда и инвалидитет | 50.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| 425310 | Правни услуги | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 70.000 | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 |
| 425630 | Испитување на кавалитетот на водите и воздухот | 25.000 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 30.000 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425750 | Услуги за вонучилишни образовни активности | 20.000 | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 900.000 | 0 | 0 | 900.000 | 0 | 0 | 900.000 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 250.000 | 0 | 100.000 | 160.000 | 0 | 0 | 260.000 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **219.000** | **0** | **0** | **125.000** | **0** | **0** | **125.000** |
| 426120 | Членарини во домашни организации | 0 | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 60.000 | 0 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 |
| 426310 | Семинари и конференции | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | 69.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 70.000 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **1.496.000** | **850.000** | **0** | **420.000** | **0** | **0** | 1.270.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **1.496.000** | **850.000** | **0** | **420.000** | **0** | **0** | **1.270.000** |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 316.000 | 0 | 0 | 170.000 | 0 | 0 | 170.000 |
| 464990 | Други трансфери | 1.180.000 | 850.000 | 0 | 250.000 | 0 | 0 | 1.100.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.700.000** | **0** | **0** | **543.000** | **0** | **0** | 543.000 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **580.000** | **0** | **0** | **200.000** | **0** | **0** | **200.000** |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | 140.000 | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 250.000 | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 150.000 | 0 | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 80.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 151.524.158 | 92.114.403 | 3.958.000 | 66.464.527 | 100.000 | 0 | 162.636.930 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **700.000** | **0** | **0** | **200.000** | **0** | **0** | **200.000** |
| 482920 | Изградба на други објекти | 700.000 | 0 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 200.000 |
| **483** | **Купување на мебел** | **420.000** | **0** | **0** | **143.000** | **0** | **0** | **143.000** |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 420.000 | 0 | 0 | 143.000 | 0 | 0 | 143.000 |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 14.054.000 | 303.000 | 2.758.000 | 11.396.527 | 0 | 0 | 14.457.527 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **8.876.000** | **0** | **0** | **9.638.772** | **0** | **0** | 9.638.772 |
| **401** | **Основни плати** | **6.145.000** | **0** | **0** | **6.712.000** | **0** | **0** | **6.712.000** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 5.710.000 | 0 | 0 | 6.097.000 | 0 | 0 | 6.097.000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 410.000 | 0 | 0 | 590.000 | 0 | 0 | 590.000 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 25.000 | 0 | 0 | 25.000 | 0 | 0 | 25.000 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **2.485.000** | **0** | **0** | **2.586.772** | **0** | **0** | **2.586.772** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 1.569.000 | 0 | 0 | 1.673.424 | 0 | 0 | 1.673.424 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 686.000 | 0 | 0 | 705.956 | 0 | 0 | 705.956 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 80.000 | 0 | 0 | 57.792 | 0 | 0 | 57.792 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 150.000 | 0 | 0 | 149.600 | 0 | 0 | 149.600 |
| **404** | **Надоместоци** | **246.000** | **0** | **0** | **340.000** | **0** | **0** | **340.000** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 200.000 | 0 | 0 | 250.000 | 0 | 0 | 250.000 |
| 404150 | Други надоместоци | 46.000 | 0 | 0 | 90.000 | 0 | 0 | 90.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **4.718.000** | **0** | **2.758.000** | **1.468.000** | **0** | **0** | 4.226.000 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **5.000** | **0** | **0** | **5.000** | **0** | **0** | **5.000** |
| 420140 | Патување во земјата - споредни расходи | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **956.000** | **0** | **210.000** | **699.000** | **0** | **0** | **909.000** |
| 421110 | Електрична енергија | 360.000 | 0 | 160.000 | 230.000 | 0 | 0 | 390.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 140.000 | 0 | 50.000 | 90.000 | 0 | 0 | 140.000 |
| 421310 | Пошта | 4.000 | 0 | 0 | 4.000 | 0 | 0 | 4.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 22.000 | 0 | 0 | 25.000 | 0 | 0 | 25.000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 430.000 | 0 | 0 | 350.000 | 0 | 0 | 350.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **2.941.000** | **0** | **2.423.000** | **389.000** | **0** | **0** | **2.812.000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 220.000 | 0 | 120.000 | 50.000 | 0 | 0 | 170.000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на враб | 6.000 | 0 | 3.000 | 3.000 | 0 | 0 | 6.000 |
| 423210 | Материјали за АОП | 5.000 | 0 | 0 | 6.000 | 0 | 0 | 6.000 |
| 423310 | Униформи | 50.000 | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 40.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **151.524.158** | **92.114.403** | **3.958.000** | **66.464.527** | **100.000** | **0** | **162.636.930** |
| 423320 Обувки | 30.000 | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 10.000 |
| 423330 Постелнина | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 2.050.000 | 0 | 1.980.000 | 40.000 | 0 | 0 | 2.020.000 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 130.000 | 0 | 120.000 | 90.000 | 0 | 0 | 210.000 |
| 423810 Ситен инвентар | 80.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| 423990 Други материјали | 340.000 | 0 | 200.000 | 90.000 | 0 | 0 | 290.000 |
| **424 Поправки и тековно одржување** | **591.000** | **0** | **80.000** | **231.000** | **0** | **0** | **311.000** |
| 424210 Одржување на згради | 480.000 | 0 | 80.000 | 150.000 | 0 | 0 | 230.000 |
| 424230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 15.000 | 0 | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 15.000 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 36.000 | 0 | 0 | 6.000 | 0 | 0 | 6.000 |
| 424430 Поправки и одржување на машини | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| 424440 Поправки и одржување на друга опрема | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 30.000 |
| **425 Договорни услуги** | **151.000** | **0** | **45.000** | **99.000** | **0** | **0** | **144.000** |
| 425240 Осигурување за повреда и инвалидитет | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 |
| 425250 Осигурување на недвижности и права | 38.000 | 0 | 20.000 | 18.000 | 0 | 0 | 38.000 |
| 425490 Други здравствени услуги | 33.000 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 |
| 425990 Други договорни услуги | 75.000 | 0 | 25.000 | 56.000 | 0 | 0 | 81.000 |
| **426 Други тековни расходи** | **74.000** | **0** | **0** | **45.000** | **0** | **0** | **45.000** |
| 426210 Расходи за репрезентација | 34.000 | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 |
| 426310 Семинари и конференции | 25.000 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 |
| 426410 Објавување на огласи | 15.000 | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 20.000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **460.000** | **303.000** | **0** | **289.755** | **0** | **0** | 592.755 |
| **480 Купување на опрема и машини** | **290.000** | **303.000** | **0** | **170.000** | **0** | **0** | **473.000** |
| 480160 Купување на опрема за греење и климатизација | 160.000 | 303.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 403.000 |
| 480190 Купување на друга опрема | 130.000 | 0 | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 70.000 |
| **482 Други градежни објекти** | **20.000** | **0** | **0** | **5.000** | **0** | **0** | **5.000** |
| 482920 Изградба на други објекти | 20.000 | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 | 5.000 |
| **483 Купување на мебел** | **150.000** | **0** | **0** | **114.755** | **0** | **0** | **114.755** |
| 483190 Купување на друг мебел | 150.000 | 0 | 0 | 114.755 | 0 | 0 | 114.755 |
| Х10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 115.000 | 115.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 115.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **115.000** | **115.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 115.000 |
| **464 Разни трансфери** | **115.000** | **115.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **115.000** |
| 464990 Други трансфери | 115.000 | 115.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 115.000 |

**Член 4**

Буџетот на Општината за 2026 година влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општината,, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Бр 08-931/1.1

25.12.2025 година

Претседател на Совет

Ангел Камчев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2026 година, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.2**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21 и 3/25), член 81 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 17 в од Закон за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица („Службен весник на Република Македонија" бр.36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/24 и 272/24), одредбите на Општиот Колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и одредбите на Колективниот договор на Општина Росоман бр.01-523/1 од 30.09.2022 година и член 9 точка 4 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за извршување на Буџетот на Општина Росоман за 2026 година

### Член 1

Буџетот на Општина Росоман за 2026 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити.

### Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

### Член 4

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземаат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ, односно да се изврши пренамена на средствата.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот. Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 Ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограмата и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20%, а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџет не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%.

**Член 7**

Исплата на плати во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Општината е должна два дена пред исплата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата на пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата и образец 6.

**Член 8**

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации и/или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 9**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 10**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно платите се утврдуваат за:

- Коефициентот на Градоначалникот изнесува 2,08
- За вработените кои немаат статус на државни службеници платата се исплатува согласно Законот за работни односи и Колективен договор.

**Член 11**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи, на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 12**

На вработените во општинската админстрација се исплаќа надоместок за годишен одмор во висина од 100% од просечна нето плата во Републиката.

**Член 13**

Во случај на смрт на вработен во општинската адинистрација или во локалната јавна установа на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30.000,00 денари.

На вработен во општинската администрација и во локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посинок, посвоено дете и дете земено на издржување), доколку живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина од 15.000,00 денари.

Живеењето во заедница подразбира да се со исто место на живеење односно на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

На вработен во општинската админстрација и во локалната јавна установа кој ќе замине во пензија му следува надоместок во вид на отпремнина во висина од две просечно месечни нето плати.

Надоместоците од ставот 1, 2 и 4 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно наредната година. Исплатите на надоместоците од претходниот став се вршат по претходно оформирана и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 14**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот на општината се утврдува во висина од 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

За претседателот на Советот на општината месечниот надоместок за присуство на седниците се зголемува за уште 30% од утврдениот надоместок за советниците, за работите во врска со организирањето и раководењето на работата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Доколку во тековниот месец, Советот не одржи ниедна седница во тој случај не се исплатува надоместок за присуство на седници.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на Советот.

Ако член на Советот не присуствувал на ниедна седница во тековниот месец во тој случај не му се исплатува надоместок за присуство на седница.

**Член 15**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за време на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и времето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 17**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 18**

Буџетските корисници можат да се вработуваат нови работници и да се пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава

писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за јавна администрација на актите за систематизација.

**Член 19**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно уплатени, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓала на други органи.

**Член 20**

Буџетот на Општина Росоман се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Росоман, а ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

**Бр.08 –931/1.2**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година во Општина Росоман, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.3**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 36 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 точка 4 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година во Општина Росоман

### Член 1

Вредноста на бодот за платата на државните службеници во општина Росоман за 2026 година изнесува 81,6 денари.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Росоман и ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2026 година.

**Бр.08 –931/1.3**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Буџетскиот календар за 2026[та] година, донесен на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.4**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 27 точка 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 9 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
**за 2026та година**

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Декември 2025 | Совет на општината донесува Буџетски календар за 2026 год. | Совет на општината |
| Јануари 2026 | Квартален извештај 01.10 до 31.12 - четврт квартал за 2025 год. | до 15 Јануари |
| Март 2026 | Усвојување на завршна сметка за претходна година за 2025 | до 10 Март |
| Април 2026 | Квартален извештај од 01.01 до 31.03 - (прв квартал) – 2026 год. | до 15 Април |
| Јули 2026 | Квартален извештај од 01.04 до 30.06 - (втор квартал) – 2026 год. | до 15 Јули |
| Септември 2026 | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки на Предлог – Буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ кој им го доставува на општините | Член 27 став 1 и 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25). |
| Октомври 2026 | Квартален извештај од 01.07 до 30.09 - (трет квартал) – 2026 год. | 15 Октомври |
| Прва половина на Октомври 2026 | Градоначалникот и Одделението за финансии и буџет ги одредуваат | Градоначалникот и Одделение за финансии и буџет |

| | | |
|---|---|---|
| | приоритетите на Буџетот за наредната година | |
| Средина на Октомври 2026 | Буџетските информации и упатства се доставуваат до другите одделенија и буџетски корисници | Одделение за финансии и буџет |
| Втора половина на Октомври 2026 | Проценките на трошоците и изготвените програмски активности за наредната буџетска година се враќаат во Одделение за финансии и буџет од останатите одделенија и буџетски корисници | Одделение за финансии и буџет |
| 30-ти Октомври 2026 | а) Се собираат буџетски барања<br>б) Барањата се анализираат<br>в) Се изготвува билансот на приходи и расходи | Одделение за финансии и буџет |
| 15-ти Ноември 2026 | Советот го одобрува Предлогот на планот на Програмите за развој и тој станува составен дел на Буџетот на општината | Совет на Општината |
| Средина на Ноември 2026 | а) Нацрт – Буџетот се доставува до Советот на општината<br>б) Се одобрува содржината на Предлог – Буџетот и се дава на достапност на јавноста<br>в) Се одржуваат јавни расправи | Градоначалник и Совет на Општината |
| 10-ти Декември 2026 | Предлог Буџетот се доставува до Советот на Општината | Градоначалник на Општината |
| до 31 Декември 2026 | Се донесува Буџетот на Општината за 2026 година.<br>Доколку Советот не го усвои Буџетот, се донесува Одлука за времено финансирање согласно член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Совет на Општината |

**Бр.08 –931/1.4**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Росоман во зимски услови за 2026/2027$^{\text{та}}$ година (зимска служба), донесена на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.5**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), член 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21, 255/24 и 101/25) и член 9 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА

**за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Росоман во зимски услови за 2026/2027та година (зимска служба)**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Росоман во зимски услови за сезоната 2026/2027 година.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Росоман и тоа преку:

- Одредување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразиците на коловозните површини;
- Дефинирање на правата и обврските на сите учесници кои се одговорни за реализација на оваа Програма;
- Дефинирање на обврските на сите учесници во реализацијата на Прогамата.

## 2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА И ОБВРСКИТЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

На подрачјето на општина Росоман, зимската служба ја организира локалната самоуправа општина Росоман, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на зимската служба.

Преку својот надзорен орган, општина Росоман ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работата.

Согласно Законот за јавни набавки се одредува правното лице - претпријатие кое ќе ја спроведува оперативната Програма и ќе остварува соработка со другите субјекти во општината задолжени за спроведување на Програмата за зимската служба.

Функционирањето на зимската служба се остварува со следната организациона поставеност:

**2.1 Правното лице на кое ќе му бидат отстапени работите**

- Преку целиот зимски период организира спремност за активирање на службата, во текот на 24 часа;
- Со специјални машини, опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатица од коловозните површини;
- Возилата, машините и другата потребна механизација ја доведуваат во исправна состојба за дејствување во зимски услови и истата во тек на траењето на зимската сезона ја чува на плацот на претпријатието или определени пунктови, како би можела при укажана потреба навремено да биде ставена во функција;
- Води целосна документација за работата на зимската служба;
- Доставува до нарачателот распоред на лица за следење на зимската служба со податоци за работната рака и механизација;
- Секојдневно и редовно да ги информира нарачателот на работата на зимската служба, како и надзорниот орган;
- Ги прима и секојдневно ги доставува до Центарот за известување и тревожење извештаите и прогнозите за временските услови, нарачателот и Министерство за внатрешни работи;
- Секојдневно изготвува извештај за извршените работи од смената во зимската служба.

За сезоната 2026/2027 година се обезбедуваат следните материјали:

- набавка на песок (ризла 1мм - 2мм) 30 $м^3$ и
- набавка на индустриска сол 10 тони.

Наведените материјали ги набавува и се складираат на плацот на претпријатието на кое му е отстапена работата. Нивната употреба во зимски услови ќе биде употребена зависно од временските прилики.

**2.2 Надзорен орган**

Носителот на работите го одредува Надзорниот орган со Решение со кое ги оправдува работните задачи при реализација на програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Росоман за 2026/2027 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи :

- Ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- Координира со органите и телата на општина Росоман, со Центарот за справување со кризи, Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- Дава налог на претпријатието на кое му се отстапени работите.

**2.3 Општински Центар за справување со кризи**

Општински центар за справување со кризи не е непосредно вклучен во работата на Зимската служба, меѓутоа Центарот посредно ќе ја следи работата на службата преку благовремено информирање.

Во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери на подрачјето на општина Росоман во зимскиот период кои не ќе можат да се разрешат со организациона поставеност на Зимската служба, се бара помош од регионалниот центар за справување со кризи и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците.

**2.4 Други учесници**

**2.4.1 Министерство за внатрешни работи – сообраќајна полиција – Кавадарци**

- Сообраќајната полиција го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатата состојба на сообраќајниците и патиштата и секогаш ќе биде во непосредна врска со задолжени субјекти.

**2.4.2 ЈПКД Росоман - Росоман**

- Покрај своите редовни активности врши расчистување од снег на пешачките зони на пристапните на објектите кои се од витално значење а се предвидени со оваа програма како и други јавни површини;
- Врши сечење и отстранување од коловозот на паднати гранки и дрва;
- Ја оспособува канализацијата како не би дошло до нејзино онеспособување поради тоа што непостои атмосферска канализација па со топењето на снегот не би дошло до излевање на истата.
- Претпријатието што е му биде доверена работата треба да располага минимум со следната механизација или да има ангажирано по потреба:

  Трактор со приколка за посипување на ризла по улиците------------------1 број
  Грејдер--------------------------------------------------------------------------------1 број
  Утоварувач со предна корпа---------------------------------------------------1 број
  Камион кипер-------------------------------------------------------------------------1 број

**2.4.3 ЕВН - КЕЦ Електродистрибуција Кавадарци**

- Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации и објекти.

## 3. ПРЕСМЕТКА ЗА ПОТРЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРИПРЕМА НА ЗИМСКА СЛУЖБА, ПРИПРАВНОСТИ И ДЕЖУРСТВО

**Материјални трошоци**

| | |
|---|---|
| Индустриска сол | 10м |
| Песок | 30м |

Вкупно = 200.000,00 денари

Динамиката на реализација ќе се утврди договорно меѓу субјектите по приоритет.

Потребните финансиски средства за зимска служба ќе се обезбедат од Агенцијата за патишта на Република Македонија и тоа за 2026 година.

4. **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.5**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Росоман за 2026^та^ година, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.6**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21, 255/24 и 101/25), член 41 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/21 и 3/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота донесена од Советот на Општина Росоман со бр.07-41/3 од 30.01.2009 година, Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА РОСОМАН ЗА 2026та ГОДИНА

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата на Општина Росоман за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини, отворените простори на јавните објекти и парковските површини и јавното зеленило заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини, отворените простори на јавните објекти и парковските површини, чистењето на снегот и мразот во зимски услови, како и уредување на зелените површини.

- Со оваа програма се утврдува:

- Површината, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини, отворените простори на јавните објекти и парковските површини и уредување на градското зеленило;
- Основните начини на вршење на работите за вршење на одржување на јавната чистота;
- Надзор во спроведувањето;
- Начинот на финансирање.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота во Општина Росоман ќе ги опфати:

- јавните површини (улици, тротоари, плоштади, уредени отворени простори, паркинг простори, автобуски стојалишта, јавни санитарни јазли, пазари.
- парковските површини и јавно зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

- рачно метење на јавните површини;
- миење на јавните површини со цистерна;
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија;
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови;
- уредување на зеленило (парковите и јавното зеленило).

## 4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавна чистота ќе ја изведува ЈПКД "Росоман" – Росоман.

## 5. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

### *5.1 Метење и перење на јавните површини*

1. Метење на централното подрачје утврдено со оваа програма секој ден од 07 до 14 часот.
   - Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
   - Перење (со цистерна) еднаш седмично (во зимски период по потреба).
2. Метење на останатите улици во Росоман утврдени со ДУП еднаш во седмицата од 07 до 14 часот.
   - Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
   - Перење (со цистерна) еднаш месечно (во зимски период во зависност од временските услови).
3. Метење на влезни улици и централните подрачја во останатите населени места еднаш во неделата од 07 до 14 часот.
   - Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
   - Перење (со цистерна) еднаш месечно (во зимски период во зависност од временските услови).
4. Метење на парковски површини (патеки, пристапни скали, трибини – театар и игралиште) двапати во седмицата од 07 до 14 часот.
   - Изведувачот е должен да ги празни корпите за отпадоци на јавните површини.
   - Перење (рачно со црево) еднаш неделно (во зимски период по потреба).

#### *5.1.1. Централно подрачје*

- ул.Гоце Делчев (од сред село до излез кон Кавадарци), ул.Партизанска, ул.Пролетерска (од главен пат Градско - Велес до сред село), ул.Пере

Тошев, паркинг просторите, плоштадот, автобуските стојалишта, тротоарите.

### *5.1.2. Улици*

- Партизанска со краци (површина 5403м$^2$)
- Пере Тошев со краци (површина 7573м$^2$)
- Илинденска со краци (површина 6954м$^2$)
- Никола Карев
- Цандо Кузманов ( површина 7848м$^2$)

### *5.1.3. Останати населени места*

- Влезни улици и централни подрачја на останатите населени места (околни села).

***5.1.4. Парковски површини*** – ефективна површина од 1.300 м$^2$

- Патеки и останати поплочени површини;
- Бетонски трибини за седење (театар и игралиште);
- Игралиште (асфалтирано);
- Пристапни скали.

## 6. РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ

Во зимскиот период доколку паѓа снег наместо ставка 5.1.1 од оваа програма, изведувачот е должен рачно да го исчисти снегот на плоштадот, улиците и тротоарите.

Рачно чистење на снегот и мразот ќе го опфати просторот околу општинската зграда, влез на општината, паркинг просторите, плоштадот, автобуските стојалишта, тротоарите.

## 7. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО

Уредувањето и одржувањето на градското зеленило ќе се врши со засадување на цвеќе, украсни дрвја и трева, косење и поливање на засадената трева, кастрење и полевање на засадените дрвја во градскиот парк, зелениот појас на плоштадот и зелените појаси во населбата и останатите населени места.

## 8. ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈПКД Росоман - Росоман е должен да постапува по издадените решенија од општинскиот комунален инспектор и овластен инспектор за животна средина за чистење на мини – депонии и јавни површини кои се надвор од програмата, а кои се вонредно загадени и на кои е констатирано отпад од непознато потекло.

ЈПКД Росоман - Росоман ќе врши чистење на просторот веднаш по завршување на манифестации кои ги организира општина Росоман.

## 9. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во оваа програма предвидено е вкупно годишно одржување на јавните површини, рачно чистење на снег и мраз во зимски услови, уредување на градско зеленило.

За одржување на оваа површина, со обем и фреквенција предвидени во програмата потребни се: 1.870.000,00 денари.

Активностите утврдени со оваа програма ќе се финансираат од надоместокот за одржување на јавна чистота, кој согласно Законот за јавна чистота се средства на општината наменети за финансирање на одржување на јавната чистота.

Висината на надоместокот е утврден со Одлуката за висина на надоместкот за оджување на јавна чистота во Општина Росоман врз основа на обемот и активностите предвидени со оваа програма.

Надоместокот ќе го плаќаат домаќинствата и правните субјекти корисници на јавните површини (домаќинства и правни субјекти).

## 10. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведувањето на оваа програма врши општинскиот комунален инспектор. За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен до општина Росоман да доставува месечни извештаи, а на крајот од годината и годишен извештај до Градоначалникот и Советот на општина Росоман.

## 11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма стапува на сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.6**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за активностите на општина Росоман за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026$^{та}$ година, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.7**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21 и 124/25) , член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19), член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21 и 124/25) и член 9 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

**за активностите на општина Росоман за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година**

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва, општински противпожарен сојуз, секциите во училиштата и млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, општина Росоман во 2026та година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување;
- Регионалниот центар за управување со кризи;
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани – екипи, одделенија);
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Росоман;
- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Росоман со доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

## 1. Цели

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.;
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата;

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

## 2. Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и справување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Росоман преку оваа Програма за 2026 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Росоман и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето, превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

## 3. Финансирање

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и спасување, превенција и справување со кризни појави, дејствувањето, Општинскиот противпожаран сојуз, доброволните противпожарни друштва и Секциите на млади пожарникари, Територијалната протипожарна единица (со посебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од:

- Средства од буџетот на општина Росоман и Републичкиот буџет
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации (операција ФЛОРИОН и др.), правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид на несреќи.

РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на општина Росоман | 700.000,оо денари |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | 10.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори, донации, проекти | 100.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 810.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита, доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 30.000,оо денари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација - Секција за млади пожарникари во сите училишта | 10.000,оо денари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз - организирање на квиз натпревари | 20.000,оо денари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 30.000,оо денари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000,оо денари |
| 6 | Набавка на работни униформи за ДПД | 10.000,оо денари |
| 7 | За обука договорни услуги | 10.000,оо денари |
| 8 | Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности | 10.000,оо денари |
| 9 | Помош на изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 5.000,оо денари |
| 10 | Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со ФЛОРИОН | 30.000,оо денари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 20.000,оо денари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица – учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20.000,оо денари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 15.000,оо денари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општинара | 5.000.оо денари |
| 15 | Тактичко-показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави | 700.000,ооо денари |
| 16 | ВКУПНО 1-15 | 810.000,оо денари |

**4. Други форми и активности за побезбедна општина со поддржување и помагање на субјектите од заштитно - спасувачката организираност на територијата на општината**

Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва, Секциите за млади пожарникари по училиштата во општина Росоман освен со финансиски средства Советот на општина Росоман и градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираат со:

- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и општинскиот противпожарен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Поддршка и учество во проектни и друг вид на активности.

**5. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на општина Росоман и Одделението за локален економски развој.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Росоман ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности.

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства се минорни во буџетот на општината, а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елементарните и други несреќи, кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина.

**Бр.08 –931/1.7**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Росоман за 2026[та] година, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.8**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година донесе:

# ПРОГРАМА

## за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Росоман за 2026$^{та}$ година

Според законот, заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата, да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести, кои се од посебно значење за Република Северна Македонија.

Заради заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и Регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, а ги предлагаат Центрите за јавно здравје.

- Општи мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2. Обезбедување на санитарно - хигиенски и други услови во производството, подготвувањето, чувањето и прометот на храната;
3. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;
5. Обезбедување на санитарно - технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;
6. Обезбедување на хигиенски исправна вода, вода во бањите, рекреативните базени, езера и други рекреативни објекти и природни лекувалишта;
7. Обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки ги организираат и следат единиците на локалната самоуправа и одредени правни лица, во соработка со Центрите за јавно здравје.

- Посебни мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на извори на зараза (заболени или носители) и поставување на етиолошка дијагноза;
2. Пријавување на заразните болести;

3. Епидемиолошки истражувања;
4. Изолација, здравствен надзор, карантин, превози, задолжително лекување;
5. Имунизација и хемиопрофилакса;
6. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
7. Спроведување на здравствени - хигиенски прегледи;
8. Следење на интрахоспиталните инфекции и певземање мерки за нивна превентива;
9. Здравствена едукација.

**Посебните мерки** за заштита на населението од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од пошироки размери се спроведуваат и вонредни мерки за заштита на населението од заразни болести кои ги предлага Комисијата за заштита на населението од заразни болести при Владата на Република Северна Македонија.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита. Со програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Росоман.

**Општите мерки** и активности ги организира и следи Општина Росоман, во соработка и стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Кавадарци. Заради заштита на населението од заразни болести во општина Росоман, во 2026та година ќе се спроведат следните мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);
3. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;
4. Обезбедување на санитарно - технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;
5. Обезбедување на хигиенски исправна вода во бањите, рекреативните базени, езера и други рекреативни објекти и природни лекувалишта;
6. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

### 1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување

Согласно Одлука на Советот на Општина Росомано водоснабдување на неколку населени места во општината врши ЈПКД „Росоман“ од Росоман.

Општина Росоман во 2026та година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини исправна вода за пиење.

За да се обезбеди исправна вода за пиење за жителите, ќе се спроведат следните активности:

- Редовна контрола на квалитетот на водата за пиење од водоснабдителните системи, природните чешми и бунари.

По добивањето на месечен извештај за исправноста на водата за пиење општината односно ЈПКД „Росоман“ ќе ги превземе сите потребни активности за обезбедување на исправна вода за граѓаните.

- Редовно хлорирање на водата;
- Навремено отстранување на секој настанат дефект во водоводната и канализационата мрежа;
- Промотивни и други активности за рационално користење на водата за пиење.

2. **Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух)**

Според одлука на Општина Росоман, организирањето, отстранувањето на цврст отпад и отпадни води го врши ЈПКД „Росоман“.

- ЈПКД „Росоман“ има склучено договори за собирање на цврст и друг безопасен смет со домаќинствата и останатите вршители на дејност, во неколку населени места и контуинирано ќе продолжи да вклучува нови корисници на оваа услуга, со цел вклучување на сите населени места во организираното собирање, транспортирање, и депонирање на смет, со што ќе се обезбеди здрава и чиста животна средина за сите граѓани на општина Росоман.

Во договорот многу добро се прецизирани обврските на корисникот и давателот на услугата како што се:

- Фрлањето смет само во контејнерите и местата за таа намена;
- Редовно собирање, празнење на контејнерите, транспортирање и депонирање на сметот.

Други активности:

- Собирање на дивите депонии и транспортирање на собраниот смет во депонијата во Росоман;
- Редовно ќе се одржуваат постоечките а по потреба ќе се направат и нови канали, за атмосферски води со цел да се оневозможи загадување на воздухот, водата и почвата.

3. **Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини**

Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни, социјални установи, објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, автобуски стојалишта, канализации, депонии и друго.

Спроведувањето на дезинфекција, дезинсекција и дератизација во јавните установи и објекти ќе се врши врз основа на барање или склучени договори помеѓу ЈЗУ - ЦЈЗ Кавадарци, или други даватели на вакви услуги и корисниците на услугите.

**Превентивна дезинфекција** ќе се врши во сите основни и подрачни училишта во периодот пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие.

**Дезинсекција** ќе се врши на целата територија на општината, со претходно мапирање на локациите и населените места каде присуството на комарците е поголемо, населените места низ кои течат реки, притоките, оризниците, депоните и сл.

Третирањето ќе се врши во март за ларвицидна дезинсекција, како и два пати во мај и јуни против возрасни комарци. Дезинсекцијата се изведува во раните утрински часови и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и сл. При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот поволен термин. Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено се информираат преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведување на аеросолната дезинсекција.

**Дератизација** ќе се врши во стамбените реони (јавни површини како што се парковите, игралиштата, пазарите, диви депонии и др.), во канализационата мрежа (во шахтите) и депониите за комунален отпад.

Системска дератизација се спроведува најмалку два пати годишно. Времето на изведување на дератизацијата треба да се изврши во текот на годината во две главни етапи и во периодот од март - јуни и септември - декември.

За вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација Општина Росоман во Буџетот за 2026$^{та}$ година предвиде средства во износ од 100.000,00 денари од програма Ј8, подпрограма Ј80 -други комунални услуги, подставка 424 230

4. **Обезбедување на санитарно - технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места**

Децата и учениците се најнезаштитената категорија на население. За заштита на нивниот интегритет и нивна заштита од заразни болести како што се заразна жолтица и други цревни заболувања, во 2026$^{та}$ година ќе се продолжат редовните посети на училишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на направените контроли на терен, училиштата ќе добиваат извештај за стекнатата состојба, со предлог мерки за подобрување.

5. **Обезбедување на хигиенски исправна вода во бањите, рекреативните базени, езера, и други рекреативни објекти и природни лекувалишта**

Следење на исправноста на водата на Црна река - Центарот за јавно здравје прави анализа на водата од Црна Река и доколку се констатира дека водата е загадена, ќе се извести населението за да не се користат за рекреативно капење и ќе се превземат мерки за решавање на проблемот со загаденоста.

6. **Обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

- Советување на населението како да се заштитат од заразни болести и советување на лицата заболени од заразни болести.
- Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основните училишта.

- Следење на исправноста на водата за пиење од водоснабдителните системи со вршење на хемиски и бактеролошки анализи од страна на ЦЈЗ Кавадарци.

Програмата ќе се финансира со средства од Буџетот на Општина Росоман.

**Бр.08 –931/1.8**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата на општина Росоман за 2026$^{та}$ година од областа на културата и културните манифестации (одбележување на празници и манифестации), донесена на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.9**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а согласно член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25) и член 9 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## на општина Росоман за 2026<sup>та</sup> година од областа на културата и културните манифестации (одбележување на празници и манифестации)

## 1. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на општина Росоман во областа на културата и културните манифестации во 2026та година се:

- Обезбедување активен однос на Советот на општина Росоман кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, како и активно учество во хуманитарните, културно - уметничките, верските и друг вид на манифестации;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет и културното наследство на општина Росоман (КУД „Росоман“ - Росоман);
- Поттикнување на граѓаните да учествуваат во културно - уметнички активности и манифестации и да ги развиваат своите уметнички афинитети;
- Квалитетно претставување на капацитетите на општина Росоман на домашни и меѓународни саеми и манифестации;
- Промовирање родова еднаквост и демократски вредности преку културни настани и активности.

## 2. АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Росоман во областа на културата во 2026та година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

Општина Росоман во насока на остварување на горенаведените цели за тековната 2026та година планира да ги реализира следните активности:

| Активности на општина Росоман за 2026та година | | |
|---|---|---|
| **Реден број** | **Активности** | **Носител на активноста** |
| **1.** | Одбележување на новогодишни и божиќни празници во месец Јануари 2026та година | Општина Росоман |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | Бадникова поворка – Вечниот Бог на 6ти Јануари 2026та година | КУД „РОСОМАН“ Росоман и Општина Росоман |
| **3.** | Одбележување на верскиот празник “Богојавление“ – Водици на 19ти Јануари 2026та година | Општина Росоман во соработка со Црковен одбор – Црква „Св.Троица“ Росоман |
| **4.** | Традиционално одржување на спортска манифестација - меморијален турнир „Никола Темов – Мускулот“ во текот на месец Февруари 2026та година | Општина Росоман |
| **5.** | Одбележување на денот на крводарителите „17-ти Март“ 2026та година (свечен прием на крводарителите кај градоначалникот, а подароците кои ќе бидат дадени на крводарителите ќе се добијат од Службите на Црвен крст Кавадарци). | Општина Росоман во соработка со Црвен Крст Кавадарци |
| **6.** | Одржување на турнир во фудбал во село Сирково во тек на месец Април 2026та година | Општина Росоман |
| **7.** | Учество во одбележување на патронот на О.О.У.„ПереТошев“ – Росоман, како и одбележување на денот на смртта на македонскиот револуционер Гоце Дечев на ден 04.05.2026та година | Општина Росоман |
| **8.** | Одржување на спортска манифестација - меморијален турнир „Мирко Јованов“ во село Трстеник, во втора половина на месец Мај 2026та година | Општина Росоман |
| **9.** | Организирање и одржување на културната манифестација по повод празникот ДУХОВДЕН во месец Јуни 2026та година | Општина Росоман |
| **10.** | Одбележување на меморијален турнир „Сашко Гелов – ШУЛЦ“ – крај на Јуни и почеток на Јули месец 2026та година | Општина Росоман |
| **11.** | Свечено одбележување на денот на независноста на Република Македонија 8ми Септември 2026та година | Општина Росоман |
| **12.** | Одбележување на 11ти Октомври - Денот на народното востание на РМ | Општина Росоман |
| **13.** | Учество во одбележување на денот на смртта на паднатиот борец во НОБ „Душан Ќириќ“ од Росоман во месец Ноември 2026та година | Општина Росоман во соработка со Сојузот на борците од Кавадарци |
| **14.** | Организирање и свечено одбележување на Празникот на општина Росоман „17ти Декември“ 2026та година | Општина Росоман |
| **15.** | Организирање на тридневен | Општина Росоман |

| | | |
|---|---|---|
| | новогодишен базар во месец Декември 2026 година | |
| **16.** | Одбележување на новогодишните и божиќните празници во тек на месец Јануари 2027[та] година | Општина Росоман |

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат со средства од Буџетот на општина Росоман за 2026[та] година, Министерството за култура, спонзорства и донации.

Доколку е потребно, покрај предвидените активности согласно оваа Програма и во врска со истите, Советот ќе одлучи со посебен акт (Одлука) за обезбедување на парични средства од Буџетот на општина Росоман за соодветната активност, врз основа на поднесено барање.

## 4. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага културата се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации односно гости од збратимени општини на територија на Р.Македонија и други држави.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Росоман“ и ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.08 –931/1.9**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање согласност на Финансискиот план за 2026[та] година на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.10**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 9 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Финансискиот план за 2026^та^ година на ЈПКД „РОСОМАН" – Росоман**

1. Со ова Решение се дава согласност на Финансискиот план за 2026^та^ година на ЈПКД „РОСОМАН" – Росоман со арх.бр.05-267/1 од 16.12.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман".

**Бр.08 –931/1.10**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман за 2026$^{та}$ година, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.11**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 9 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈПКД „РОСОМАН" – Росоман за 2026$^{та}$ година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈПКД „РОСОМАН" – Росоман за 2026$^{та}$ година со арх.бр.02-270/1 од 16.12.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман".

**Бр.08 –931/1.11**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање согласност на Програмата за управување со отпадот на ЈПКД Росоман на територија на Општина Росоман за период од 2026-2028 година, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.12**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Програмата за управување со отпадот на ЈПКД Росоман на територија на Општина Росоман за период од 2026-2028 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Програмата за управување со отпадот на ЈПКД Росоман на територија на Општина Росоман за период од 2026-2028 година со арх.бр.02-271/1 од 18.12.2025 година, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.12**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Финансиски извештај на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за период од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.13**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Финансиски извештај на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за период од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година**

1. Со ова Решение се усвојува Финансискиот извештај на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за период од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година со арх.бр.05-245/2 од 07.11.2025 година, усвоен со Одлука арх.бр.02-280/1 донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ од Росоман на седницата одржана на ден 18.12.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.13**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Градоначалникот на општина Росоман го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за запирање на објавата на Заклучок**

**Се запира објавувањето на Заклучок по однос на точка 1.15 од утврдениот дневен ред на 4та седница, односно Предлог - Решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Росоман - Росоман, за регулиран период од 2025-2027 година донесена од страна на Управен одбор на ЈПКД Росоман - Росоман.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По однос на точка 1.15 од утврдениот дневен ред на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, односно точка – **Предлог - Решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД Росоман - Росоман**, се спроведе расправа на која Советот земајќи ја во предвид последната утврдена тарифа за период од 2022-2024 година која се однесува на домаќинствата и тоа за 2022 година изнесува 15,20 денари, за 2023 година изнесува 15,28 денари и за 2024 година изнесува 15,40 денари, *одлучи да утврди тарифа која изнесува 16 денари.*

Со ваквиот став на Советот, се занемарува Решението со кое е утврдена минималната просечна тарифа од страна на Регулаторна Комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ односно за 2025 изнесува 21,40 денари, за 2026 изнесува 21,32 денари, а за 2027 изнесува 21,25 денари, а која што Комисија согласно член 13 од Законот за утврдување на цените на водните услуги е надлежна за утврдување на тарифата за водните услуги за секој давател одделно со донесување на Решение за утврдување на тарифи на водни услуги.

Имено, согласно член 11 став 1 од Законот за утврдување на цени на водните услуги, давателот на услугата, а во овој случај ЈПКД Росоман - Росоман поднесува барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулигран период од 2025-2027 година со арх.бр.03-89/3 од ден 14.07.2025 година до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ од УП.1бр.08-184/25 од 15.07.2025 година, а врз основа на кое Комисијата постапува со донесување на погоре споменатото Решение за утврдување на тарифата и кое го доставува до ЈПКД заради негово понатамошно спроведување од страна на управниот одбор.

Согласно член 14 став 3 од Законот за утврдување на цени на водните услуги Управниот одбор на ЈПКД е должен да ги усогласи своите одлуки со Решенијата на Регулаторна комисија а кои заради спроведување на утврдената тарифа на водна услуга и истата ја доставува до основачот заради давање на согласност.

Од се погоре наведено согласно член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа, градоначалникот со ова Решение ја запира објавата на Заклучокот по однос на точка 1.15 од утврдениот дневен ред со бр.08-931/1.15 донесен на 4та седница на ден 25.12.2025 година.

Со ова решение согласно член 51 став 2 Советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението, да го разгледа решението и да одлучи по него.

**Бр.09-931/1.15**
**02.01.2026 година**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за недавање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ Росоман за регулиран период 2025-2027 година, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.16**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за недавање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ Росоман за регулиран период 2025-2027 година**

1. Со ова Решение не се дава согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ Росоман за регулиран период 2025-2027 година со арх.бр.02-222/1, донесена од страна на Управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ Росоман на седницата одржана на ден 12.09.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.16**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за разрешување и именување на член во Училишен одбор на ООУ „Пере Тошев“ Росоман како претставник од основачот, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.17**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 106 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 250/25), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за разрешување и именување на член во Училишен одбор на ООУ „Пере Тошев“ Росоман како претставник од основачот**

1. Со ова Решение се разрешува лицето Павлинка Секуловска од член на Училишен одбор на ООУ „Пере Тошев“ Росоман, поради истек на мандатот.

2. За член на Училишен одбор на ООУ „Пере Тошев“ Росоман како претставник од основачот се именува лицето Весна Јаневска.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.17**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање на согласност на Програма за работа за давање на социјална услуга - Советувалиште за жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилство на Регионален советувалиштен центар – Женски центар Кавадарци за 2026 година, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.18**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање на согласност на Програма за работа за давање на социјална услуга - Советувалиште за жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилство на Регионален советувалиштен центар – Женски центар Кавадарци за 2026 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Програмата за работа за давање на социјална услуга - Советувалиште за жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилство на Регионален советувалиштен центар – Женски центар Кавадарци за 2026 година од 30.11.2025 година, доставена од Здружение за родова еднаквост „ВИЗИЈА“ Кавадарци.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.18**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Годишен извештај на ЗРЕ „ВИЗИЈА“ Кавадарци за периодот од јануари до ноември 2025 година, донесено на 4-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-931/1.19**
**02.01.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Годишен извештај на ЗРЕ „ВИЗИЈА“ Кавадарци за периодот од јануари до ноември 2025 година**

1. Со ова Решение се усвојува Годишниот извештај на ЗРЕ „ВИЗИЈА“ Кавадарци за периодот од јануари до ноември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –931/1.19**
**25.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**